Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
**Биро за метрологија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**
**Byroja për metrologji**

**Број** 0302-3210/10

**Датум** 09.12.2021

Врз основа на член 51, став (1) од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр. 71/14, 199/14, 48/15, 154/15, 51/16, 142/16, 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19 и 14/20), Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија на ден 09.12.2021 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За избор на прворангирани кандидати по распишаниот Интерен оглас бр. 02/2021 за унапредување на државни службеници, објавен од страна на Министерство за економија-Биро за метрологија

1. За унапредување на работното место под реден број **3. УПР 01 01 В01 000, Ниво В1, Советник за инспекциски надзор во Одделение за инспекциски работи, Сектор за општи работи и инспекциски надзор** на Интерниот оглас бр. 02/2021 се избира прворангираниот кандидат Ванчо Кацарски.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

3. Оваа одлука да се објави на веб страната и на огласната табла на Министерство за економија-Биро за метрологија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По интерниот оглас бр. 02/2021 објавен на ден 26.11.2021 год. на веб страниците на Министерство за економија-Биро за метрологија и Агенцијата за администрација за унапредување на државни службеници на следното работно место:

**3. УПР 01 01 В01 000, Ниво В1, Советник за инспекциски надзор во Одделение за инспекциски работи, Сектор за општи работи и инспекциски надзор**

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со решение бр. 0302-3210/6 од 06.12.2021 год. изврши административна селекција на пријавените кандидати и бодување, по што изготви Записник за административна селекција, при што еден од двата пријавени кандидати беше одбиен како неуреден кандидат, поради тоа што не го исполнува условот за вид на образование, потребно за ова работно место, пропишано со Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за економија-Биро за метрологија бр. 0402-3285/1 од 30.10.2015 год.

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
**Биро за метрологија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**
**Byroja për metrologji**

Потоа се продолжи со втората фаза-спроведување на интервју. Согласно член 51, став (5) од Законот за административни службеници, за работното место бр. 1 Комисијата спроведе интервју со единствено рангираниот кандидат Ванчо Кацарски, кој ги исполнува условите од огласот, пропишани со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за економија-Биро за метрологија бр. 0402-3285/1 од 30.10.2015 год.

Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и на Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија му достави предлог за избор на прворангираниот и единствен кандидат за наведеното работно место, по што Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија донесе Одлука за избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена, од денот на објавување на Одлуката на огласната табла на Министерство за економија-Биро за метрологија.

**Директор/Drejtori**

**Merita Mustafai**

Изработил: Михајло Мишковски, раководител на одделение за човечки ресурси